# ЗАПИСНИК
## од 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 30.07.2020 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: Зоран Фиданоски (годишен одмор).

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Билјана П. Парлеева, Маја Дамевска, м-р Горјан Шеќеринов.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 30-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски најави дека на седницата ќе биде отсутен г-дин Фиданоски кој оваа недела е на годишен одмор надвор од градското подрачје и има многу слаба интернет конекција.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.07.2020 година.
2. Предлог-извештај за емитуваното платено политичко рекламирање во периодот 24 јуни-12 јули 2020 година.
3. Информација во врска со Решението на Уставниот суд за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на донесените Уредби со законска сила за примена на ЗААВМУ.

4. Предлог-одлука за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Куманово.
5. Предлог-решение за отфрлање на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово.
6. Предлог-одлука за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово.
7. Разно

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа Записникот од 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.07.2020 година.

Г-дин Петрушевски објасни дека г-дин Фиданоски преку електронска пошта и преку телефонски разговор побарал во делот кај „отсутни членови на Советот на Агенцијата" по неговото име и презиме во заграда да се додадат зборовите „годишен одмор". Појасни дека во наредниот период ова ќе се додаде кај секој член на Советот кој ќе биде на годишен одмор и нема да може да присуствува на седница преку видео конференциска врска доколку има слаба интернет конекција или од други причини. Посочи дека други забелешки на записникот нема.

Советот со предложеното дополнување едногласно го усвои Записникот од 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.07.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање во периодот 24 јуни-12 јули 2020 година. Објасни дека податоците во Извештајот се добиени преку мониторинг на емитуваното платено политичко рекламирање кај радиодифузерите, направен во согласност со обврската на АВМУ од член 76-в став 10 од Изборниот законик и дополнително, сите податоци се проверени низ постапката на потврдување на извештаите за реализирани услуги на радиодифузерите. Имено, во согласност со член 76-д став 8 од Изборниот законик радиодифузерите се должни, во врска со емитуваното платено политичко рекламирање за време на изборната кампања, во рок од 5 дена од настапување на предизборниот молк, до АВМУ да доставаат извештаи за реализирани услуги, што пак Агенцијата треба да ги потврди во рок од 5 дена од доставувањето. Агенцијата беше должна да ги обработи, да ги потврди добиените извештаи од радиодифузерите со снимките со кои располага и сите тие потврди веќе им се испратени на радиодифузерите. Извештајот претставува сублимат на она што е направено во периодот од 24 јуни до 12 јули 2020 година додека траеше изборниот процес кога радиодифузерите имаа право да емитуваат ППР на 15-те

учесници во изборниот процес. На само еден ден пред почетокот на изборната кампања со Уредба на Владата беше сменето времето кое што имаа право да го користат учесниците во изборниот процес. Ваквите промени непосредно, само еден ден пред почетокот на кампањата создадоа правна несигурност кај радиодифузерите бидејќи во првиот ден од изборната кампања кај нив се јави забуна кое Упатство односно која Уредба на Владата треба да биде во сила. Став на Агенцијата е дека воопшто платеното политичко рекламирање не треба да се ревидира и воопшто да не биде на сметка на Буџетот односно граѓаните да ги плаќаат активностите на политичките партии бидејќи тоа не е типично за демократските општества. Изрази надеж дека во наредниот период по конституирање на парламентот, една од првите задачи на парламентот ќе биде изработка на нов Изборен законик и дека нема да се чека до следните избори, па тогаш пред почетокот на изборната кампања да се менуваат законите. Посочи дека за овој изборен процес она што беше карактеристично со измената е дека на владеачките партии им се дозволи да имаат по 3 минути со можност да имаат и 6 минути ако другата политичка партија од власта го дозволи тоа. И ваквото давање на предност на владеачките партии беше констатирано и во прелиминарниот извештај на ОБСЕ, а истото може да се забележи и од бројките на ППР. Објасни дека 38 телевизии емитуваа ППР, во вкупно траење од 367 часа 55 минути и 46 секунди. Ако се погледнат бројките ќе се забележи дека Коалицијата „Можеме“ предводена од СДСМ има 129 часа 5 минути и 4 секунди, ДУИ – 116:45:02, а опозициската ВМРО ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“ – 76:03:53, односно партиите од власта имаат две третини повеќе од партијата што е во опозиција. Со овие измени во најнерамноправна положба се ставија сите останати партии што се забележува по бројките кои се движат од 2, 3 или 4 часа и имаат многу помала можност на ППР. Слична е состојбата и кај радијата, иако кај радијата Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ има повеќе часови но скоро три и пол пати е помало времето за рекламирање кај радијата односно 102 часа 14 минути и 12 секунди. Најмногу има Коалиција „Обнова на Македонија“ – 57:04:21, ДУИ - 07:01:57, додека Коалицијата МОЖЕМЕ - 24:18:48. Карактеристично за овој период беше и тоа што Агенцијата констатираше дека во повеќе спотови имаше учество на деца што е спротивно и на Изборниот законик и на ЗААВМУ. Агенцијата неколку пати излезе со соопштение и им укажа на радиодифузерите да не емитуваат спотови во кои се појавуваат малолетни лица, но некои од радиодифузерите продолжија да емитуваат, кај некои од нив имаше замаглување на лицата на децата. Сепак, рече треба да биде забележано дека во оваа изборна кампања за разлика од другите изборни кампањи беа емитувани спотови во кои учествуваа малолетници.

Г-дин Петрушевски објасни дека на крајот Советот треба да гласа за усвојување на извештајот и отвори дискусија.

Г-дин Фетаи рече дека ги имаат материјалите со бројките кои се регистрирани од страна на Агенцијата и бројките кои медиумите ги доставиле. Постави прашање до раководителката Јаневска дали имало големи отстапувања во поглед на она што медиумите имале договорено со партиите и она што реално е емитувано. Праша дали во таа насока добиените резултати, односно добиените бројки за ППР што ги има во

извештајот и ќе се испратат до ДИК се дефинитивни во смисла на прецизирани и прифатени и од самите медиуми?

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска одговори дека во извештајот се дефинитивните податоци кои по завршување на седницата ќе бидат испратени до ДИК. Податоците од мониторингот се усогласени со сите радиодифузери. Кај повеќе радиодифузери имаше отстапувања од она што е договорено со политичките партии и погрешни медиа планови и на многу од нив беше побарано да направат ревизија на медиа плановите со цел документацијата да им биде комплетно подготвена за достава до ДИК каде што освен Извештајот од Агенцијата за ППР радиодифузерите имаат обврска да ги достават и извештаите за реализирани услуги, потврдата на Агенцијата на извештаите за реализирани услуги, сите медиа планови и сите договори склучени со учесниците во изборниот процес.

Г-дин Петрушевски рече дека навистина имаше многу чести промени за издвоеното време на ППР кое создаде една конфузија кај самите медиуми кои до последен момент очекуваа какви ќе бидат правилата во овој дел. Дел од нив склучија договори, а потоа Владата во последен момент направи измена на правилата за ППР и тука образложението беше дека Агенцијата со предложеното Упатство сака да и помогне на Коалиција „Обнова на Македонија" заради тоа што толкувањето на Агенцијата беше како и за претходните избори дека треба да има 6 минути, а исто така и двете партии од власта треба да имаат 6 минути. Но во последен момент ноќта пред да започне изборната кампања Владата го измени за да биде поправично. Но бројките што сега ги има го покажуваат следното дека Коалицијата „Можеме" има вкупно 129 часа ППР, додека Коалиција „Обнова на Македонија" има 76 часа. Според овие бројки тоа значи дека една од коалицијата на власта има 70% повеќе ППР од опозицијата. Бројките го покажуваат спротивното дека со измената на Упатството се направи обратно, односно дека се помагаше на коалициите од власта, а Владата го донесе. Уште полош е примерот кај Алијанса за Албанците и Алтернатива кои се водеа како трета опозициска партија, иако втората се префрли во власта, тоа е БЕСА, и врз основа на тоа тие беа третирани како помалите партии или партија која не учествувала на изборите и уште повеќе беа оштетени од Коалиција „Обнова на Македонија". Тие имаат само 6 часа ППР што навистина е огромен дисбаланс. Посочи дека поради сето ова што го кажал потребни се измени во Изборниот законик во делот на ППР за да од поголеми причини се постигне поголема правичност. Се надева дека тековното Собрание овие измени ќе ги направи уште во првата година од мандатот, дека нема да чека ден пред избори, нема да ги менува законите во зависност од тоа какви коалиции ќе се формираат наредниот пат, да има време овие грешки да се коригираат, да се види каде се згрешило и да се овозможи поправична распределба дури и на помалите партии.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање во периодот 24 јуни-12 јули 2020 година, со текст како што беше предложен.

Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање во периодот 24 јуни-12 јули 2020 година да се достави до Државната изборна комисија.

Секторот поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведениот извештај да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски во однос на Информацијата во врска со Решението на Уставниот суд за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на донесените Уредби со законска сила за примена на ЗААВМУ, објасни дека Советот нема да носи одлука туку само ќе биде информиран за да биде во тек со постапката која е поврзана со ЗААВМУ и делумно со изборите.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева објасни дека на седницата што се одржа на 4 јуни Советот усвои измени и дополнувања на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси. Таа измена која се внесе во Правилникот предвидуваше дека операторите се должни во рок од 60 дена од донесувањето на подзаконските акти одново да ги регистрираат програмските сервиси што ги реемитуваат. По извесно време Владата донесе нова Уредба со која ја измени претходната Уредба и која се состоеше во тоа да бројот „60" се замени со „150". Посочи дека Агенцијата не пристапи веднаш кон измена на Правилникот поради тоа што веќе беа распишани предвремените парламентарни избори. По завршувањето на кампањата Уставниот суд покрена иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на Уредбата со која зборовите „60" се заменуваат со „150" и на Уредбата за измена и дополнување на првата Уредба која престана да важи со Уредбата од Службен весник број 140. Објасни дека во самата информација хронолошки се објаснети настаните. Дали Правилникот ќе се менува или не, ќе зависи од конечната одлука на Уставниот суд која Агенцијата мора да ја почека.

Г-дин Трајчевски објасни дека во самото Решение Уставен суд вели дека сите правни акти и активности што биле преземени од страна на органите или институциите што ги засега Уредбата на Владата ќе бидат ставени во мирување. И во овој момент не може да се носи измена на подзаконски акт бидејќи ќе биде во спротивност со Решението на Уставниот суд.

Г-дин Петрушевски рече дека членот 143 од ЗААВМУ е поврзан со регистрирање на програмски пакети на кабелските оператори. Тој беше проблематичен и пред изборите, па потоа со неколку Уредби се менуваше во зависност од реакциите на јавноста. Потсети дека имаше многу реакции и дека со овој член и со неколкуте Уредби што се донесоа не се разрешија проблемите меѓу националните телевизии и кабелските оператори. Во еден момент можеше да се загрози правото на информирање на граѓаните со заканата на кабелските оператори дека ќе воведат медиумски мрак, а со тоа постоеше опасност да се загрози и самиот изборен процес. За среќа разумот надвладеа, но овој проблем не се реши, само е ставен „под тепих" и оставен е на новиот парламент и на новата Влада да го решаваат. Со Решението на Уставниот суд само се доби на време. Сега се чека формирање на парламентарното мнозинство, па потоа новата Влада да го решава. Неговото гледиште е дека овој проблем се искористи за да се добие наклоноста

од националните телевизии пред изборите што сите ја посакуваат, а реално проблемот не се разреши, тој допрва ќе се решава и се надева дека ќе се изнајде разумно решение. Неговите ставови беа да седнат кабелските оператори и телевизиите и да се договорат меѓу себе како независни економски субјекти. И двата се битни за државата, телевизиите и медиумите како чувари на демократијата, а кабелските оператори се битни за економијата. Во ова време на пандемија нивното значење е сè поголемо, бидејќи работењето од дома е се повеќе и повеќе застапено, а тоа е невозможно без овие кабелски оператори заради интернет пристап. На крајот рече дека ова е многу битна работа која воопшто не е решена, која треба да се реши и само се искористи за политичка добивка за тој што ова го предложил.

Советот на Агенцијата ја прифати Информацијата во врска со Решението на Уставниот суд за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на донесените Уредби со законска сила за примена на ЗААВМУ со која беше известен дека од конечната одлука на Уставниот суд зависи дали ќе има потреба од измена и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси (бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година, изменет и дополнет на 04.06.2020 година) и дека доколку има потреба постапката за евентуална измена и дополнување на овој Правилник ќе започне по донесувањето на конечната одлука на Уставниот суд.

**Точка 4**

Вишиот соработник од одделението за административно-правни работи м-р Билјана П. Парлеева ја образложи Предлог-одлуката за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Куманово. Објасни дека неуспешниот јавниот конкурс се однесуваше за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис музичко – говорно радио од специјализиран формат за народна музика, кај кое над 50% од вкупно емитуваната музика ќе биде на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија, и тоа: 87.5 MHz. Конкурсот не беше успешен поради тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави, односно заклучно до 13.07.2020 година во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не беше примена ниту една пријава. Објасни дека истото се провери уште еднаш во архивата дали некоја пријава е пристигната по пошта или преку доставувач, но добиле информација дека не е стигната ниту една пријава. Во таа насока бидејќи членот 75 став 1 од ЗААВМУ и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пропишува дека јавниот конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување е успешен доколку е примена најмалку една пријава која ги исполнува условите утврдени во конкурсот, се предлага да се донесе Одлуката за неуспешен јавен конкурс.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука дека јавниот конкурс за доделување дозвола за радио емитување на македонски јазик, на програмски сервис

музичко – говорно радио од специјализиран формат за народна музика, кај кое над 50% од вкупно емитуваната музика ќе биде на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово, не е успешен поради тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави не беше примена ниту една пријава.

Секторот поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 5 и 6**

Г-дин Петрушевски, бидејќи Точките 5 и 6 се на некој начин меѓу себе поврзани предложи за нив да има заедничко образложение, а потоа секоја од нив Советот да ја гласа посебно.

Вишиот соработник од одделение за административно-правни работи м-р Билјана П. Парлеева објасни дека двете точки се однесуваат на јавниот конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово. Првата точка се однесува на Решение за отфрлање на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, од Универзитетот од Тетово доставена од 26.03.2020 година. Причината поради која се предлага донесувањето на ова решение е поради тоа што пријавата е некомплетна и неуредно пополнета и не ги содржи сите податоци кои се предвидени во член 73 од ЗААВМУ. Сето ова што го навела е констатирано со јавното отворање на кое биле присутни вработени од Стручната служба на Агенцијата. Поднесената пријава од страна на Универзитетот од Тетово беше разгледувана на самото јавно отворање меѓутоа само од технички аспект односно дали ги содржи сите документи и податоци кои се утврдени во член 73 од ЗААВМУ. Согласно записникот кој е доставен во прилог на материјалите кон предлог-решението и кон предлог-одлуката на кои се потпишани сите присутни од Стручната служба на Агенцијата може да се констатира дека пријавата беше некомплетна, неуредно пополнета и не ги содржеше сите документи предвидени во Законот. По заверка на записникот следуваше опсежна телефонска комуникација со управните инспектори, со цел да се подготви квалитетно материјалот за оваа седница односно решението за отфрлање на пријавата. Исто така, детално е образложено кои делови недостасуваат и кои обрасци не беа заверени на нотар. Со оглед дека во член 75 став 1 од ЗААВМУ е наведено дека јавниот конкурс е успешен доколку е доставена најмалку една пријава која ги исполнува условите утврдени во конкурсот а во член 72 од ЗААВМУ, Агенцијата е должна во конкурсната документација детално да ги образложи и допрецизира сите одредби од одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола, исто така беше наведено и во одлуката и во конкурсната документација во точка бр.9 дека нема да се разгледуваат оние пријави кои се ненавремени значи не поднесени во рок, оние пријави кои се некомплетни, неуредни и кои не ги содржат сите податоци предвидени во одлуката за јавен конкурс. Оттаму произлезе дека јавниот конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на

локално ниво на подрачјето на општина Тетово е неуспешен. Потоа се подготви и материјал за Точка бр.6 од Дневниот ред – Предлог-одлука за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово.

Г-дин Петрушевски пред да ја отвори дискусијата го праша г-дин Фетаи кој е вработен како професор на Универзитетот чија пријава се отфрла, дали можеби треба да се изземе од гласање поради судир на интереси, бидејќи не е сигурен дали треба да гласа за Точка бр.5 и исто така и за учество во дускусијата и остави на него самиот да одлучи.

Г-дин Фетаи рече дека во овој случај станува збор за јавен интерес, не се работи за лични интереси во смисла на реализација на ова непрофитно радио на Универзитетот во Тетово, бидејќи се јавни установи, како што е и Агенцијата, и нема некој судир на интереси. Агенцијата како регулатор има потпишано Меморандум за соработка со Универзитетот во Тетово за потребите на едната и другата институција во разни сегменти за меѓусебно разбирање и помагање. Потсети дека студенти по новинарство од Универзитетот ја посетувале Агенцијата, може некој од нив да има и пракса во регулаторот и обратно и Агенцијата од Универзитетот да реализира нешто од нејзините замисли. И како продолжување на таа соработка врз основа на Меморандумот беше идејата и барањето од Универзитетот да имаат едно непрофитно радио, бидејќи има веќе такви радија во нашата држава. Регулаторот во таа насока објави конкурс и ги презема сите елементи и активности за да се успее во реализација на оваа иницијатива. Агенцијата стручно и одговорно ги направи сите претходни чекори кои се потребни за таа реализација. Жал му е што се дојде до ваква позиција да се затвори конкурсот како неуспешен бидејќи и понатаму Универзитетот е заинтересиран. Нивната заинтересираност ја покажаа со подигнување на тендерската документација која има одреден износ на чинење од околу 60 илјади денари, и притоа аплицирале и поголемиот дел од документацијата ја имаат доставено за разлика од претходниот јавен конкурс за Куманово каде не беше пристигната ниту една пријава. Универзитетот бил со цел да ја реализира идејата, но според него веројатно човекот кој бил одговорен овој проект да го сработи до крај во име на Универзитетот, не бил на висина на задачата и затоа ја промашил работата. Тој ги предал документите наводно комплетирани, а реално не беа целосни, она што и комисијата го констатирала за што навистина му е жал. И добро е што е направена и комуникација со инспекторите во смисла да се изнајде решение, да му се овозможи на некој начин на Универзитетот да ја реализира таа замисла во полза на студентите. Објасни дека ова е незгодна состојба на која не се надевал ни тој ни членовите на Советот дека ќе се дојде во позиција Универзитетот да има некомплетна и неуредно пополнета документација бидејќи се водеше во насока дека ќе биде во ред и дека ќе се овозможи едно непрофитно радио кое ќе биде во полза на сите. Бидејќи г-дин Петрушевски го прашал за гласањето затоа што е вработен во редовен работен однос како професор на Правниот факултет во Универзитетот во Тетово, рече и да гласа и да не гласа јавниот конкурс е веќе неуспешен. Но бидејќи е вработен во редовен работен однос и се работи за нивна апликација, за да не се остави никаков простор за сомневања ќе се изземе од ова гласање иако тоа нема да го смени исходот на целокупната состојба.

Г-дин Петрушевски рече дека иземањето од гласање на г-дин Фетаи би требало да биде за Точка 5 додека за Точка 6 смета дека може да гласа.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за“ (г-дин Фетаи се иззема од гласање) донесе Решение со кое се отфрла Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, од Универзитетот во Тетово, бр.03-1001/1 од 24.03.2020 година (наш Уп1 бр.08-108 од 26.03.2020 година), поради тоа што истата е некомплетна и неуредно пополнета, односно не ги содржи сите податоци кои се предвидени во член 73 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), при што истата Пријава нема да се разгледува.

Секторот поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по точка 6*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука дека јавниот конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис, наменет за студентската популација, на подрачјето на општина Тетово, на локално ниво, на албански и македонски јазик, не е успешен, поради тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави не беше примена ниту една пријава која ги исполнува условите утврдени во конкурсот.

Секторот поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-3059/7**
**19.08 2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**